Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 24/0306
31.01 20 19 год.
Скопје

30.01.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 јануари 2019 година, врз основа на примена жалба од Гоце Трпковски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Лидер“ , со текстот насловен „Вонредна состојба во амбасадата на САД во Скопје: Ечат сирени, алармот е вклучен!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 21 декември 2018 година, Гоце Трпковски поднесе жалба за текстот насловен „Вонредна состојба во амбасадата на САД во Скопје: Ечат сирени, алармот е вклучен!", објавен на 20 декември 2018 година, на интернет порталот „Лидер" (www.lider.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Лидер" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Главниот уредник на „Лидер", Љупчо Златев, ја отфрла жалбата како неоснована и смета дека текстот не содржи невистинити информации. Посочува дека веста е целосно точна, зашто како што наведува, во текстот дословно било пренесено соопштение на амбасадата на САД во Скопје, без никаков коментар или додавка.

*„Што се однесува до насловот. Тој е само слика на текстот, во него се опишани настаните кои ќе се случувале при вежбата во амбсадата на САД и исто така не гледаме што е невистинито во него"*, вели Златев во одговорот на жалбата.

**ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и* ***нема да прикрива суштински податоци*** *и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 јануари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека текстот произлегува од јавниот интерес, дека самиот текст е коректен и дословно пренесува официјално соопштение (најава) на американската амбасада во Скопје за интерна вежба во просториите на објектот.

Но, во исто време, Комисијата констатира дека насловот на текстот има сензационалистички приод и со него, несомнено, се прикрива суштински податок дека всушност, станува збор за вежба за итна реакција во амбасадата, а не за вонредна состојба, како што се добива впечаток од самиот наслов. Насловот мора да одговара со неговата содржина. Оттука, членовите на Комисијата се согласија дека ваквиот наслов може лесно да создаде неосновани стравови, манипулирање и дезинформирање на јавноста.

*Наслов: „Вонредна состојба во амбасадата на САД во Скопје: **Ечат сирените, алармот е вклучен“.**

*Текст: „Како дел од вежбата, **итни сирени и аларми може да се слушнат** во јавноста“.

Според горенаведеното, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес.

„Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и **нема да прикрива суштински податоци** и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Лидер“ (www.lider.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595